После неколку возбудливи натпреварувачки денови, денес завршија натпреварите во четири од вкупно шесте дисциплини на работничките спортски игри што ги организира Синдикалната подружница на РЕК Битола по повод Денот на рударите, 28 август.
Екипата на Е.О. Пепел го освои првото место во кошарка во машка конкуренција, на второто место се пласираше екипата Аустар, а на третото тимот на М.О.
Кај жените, најдобра е кошаркарската екипа Хризантема, второто место го освои екипата Тигрици, а третето место им припадна на “кошаркарките” од екипата Лејдис.
На турнирот во одбојка во машка конкуренција, првото место го освои екипата Асеви, второто место на екипата I БТО систем, а екипата на РЕК – сервис заврши на третото место.
Во претстојните денови треба да се одржат натпреварите во одбојка – жени.
Колешки од РЕК Битола годинава се натпреваруваа во дисциплината пикадо, каде Бети Десоска го освои првото место, на второто место се пласира Андријана Кузмановска, а трета го заврши натпреварувањето Славица Чипуровска.
Од понеделник на теренот на Ракометното игралиште во Битола започнуваат натпреварите во најинтересната спортска дисциплина на работничките игри, мал фудбал – мажи.
По завршувањето на сите натпревари, Синдикатот на РЕК Битола ќе ги прогласи победниците во сите дисциплини и на учесниците ќе им додели пригодни награди.






JUST DO IT



